Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-21/3
03-03-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-666/1 од 19.12.2022 година, поднесена од [redacted] од Скопје преку адвокат [redacted] од Скопје против Талат Џафери и Собрание на РСМ, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 02.03.2023 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА** директна дискриминација врз лицето [redacted] од Скопје, врз основа на политичко уверување во областа на правосудство и управа, сторена од страна Собранието на Република Северна Македонија и Талат Џафери од функција на Претседател на Собранието на Република Северна Македонија.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-666/1 на 19.12.2022 година од страна на [redacted] од Скопје преку адвокат [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување.

Подносителот во претставката тврди дека врз него е сторена дискриминација, со тоа што бил ставен во понеповолна положба од останатите граѓани од страна на Претседателот на Собранието на РСМ, г-дин Талат Џафери и Собранието на РСМ во рамки на постапка по предлог барање за поведување на граѓанска иницијатива за собирање потписи од најмалку 150.000 избирачи за распишување на задолжителен дополнителен референдум на државно ниво на целата територија на Републиката до Собранието на РСМ.

Имено, подносителот наведува дека согласно член 2 став 2 и член 73 став 3 од Уставот и членот 2, членот 3 став 2, член 24, член 66 и член 70 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2005, 3/2006 и 50/2006), на 28.09.2022 година поднел предлог барање за поведување на граѓанска иницијатива за собирање потписи од најмалку 150.000 избирачи за распишување на задолжителен дополнителен референдум на државно ниво на целата територија на Републиката до Државната изборна комисија. По изминувањето на предвидениот рок и собирањето на потребните


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

потписи, односно најмалку 100 валидни потписи на територија на Републиката, горенаведеното барање го поднел до Собранието на РСМ. Откако подносителот таквото барање, односно граѓанската иницијатива ја доставил до Собранието на РСМ, односно до претседателот на истото, наместо да му биде овозможено да го оствари своето право, истите кон него се однесувале понеповолно и го оневозможиле во остварување на своето демократско граѓанско право. Според подносителот, наместо Претседателот Талат Џафери и Собранието на РСМ да постапат согласно член 191 од Деловникот на Собранието на РСМ и предлогот за покренување на граѓанска иницијатива да го достават до претседателот на Законодавно-правната комисија и до претседателот на матичното работно тело, тие повратно го известиле подносителот на граѓанската иницијатива со барање истиот да направи корекција на предлогот. Подносителот, откако го добил таквото известување, доставил поднесок за деловничко усогласување на барањето/прецизирање на првично поднесениот предлог поведување на граѓанска иницијатива во предвидениот рок. Понатаму, во претставката се наведува дека и покрај постапувањето на подносителот [redacted] по добиеното известување за корекција, од страна на Собранието на РСМ добил ново известување во кое било наведено дека подносителот не постапил по првично доставеното известување од Собранието на РСМ. Во претставката подносителот наведува дека до денот на поднесувањето на претставката до Комисијата, предлогот за покренување на граѓанска иницијатива за распишување на референдум на државно ниво не е проследена до претседателот на Законодавно-правната комисија и до претседателот на матичното работно тело. Подносителот на претставката наведува дека граѓанската иницијатива за распишување на референдум на државно ниво ја поднел до Собранието на РСМ како физичко лице искористувајќи го своето уставно и законски загарантирано право преку референдум да се овозможи непосредно одлучување на граѓаните за одреден правен акт или за донесување на одредена одлука од посебно значење за државата.

Понатаму, во претставката се наведува дека општо познат факт е дека подносителот [redacted] е пратеник во Собранието на РСМ и претседател на политичката партија [redacted] па оттука очигледно било дека Собранието на РСМ и Претседателот на истото, г-дин Талат Џафери, таквото незаконско постапување и оневозможување на остварување на законското право на подносителот го темелеле на неговата политичка припадност на одредена партија. Следствено на тоа, во претставката подносителот наведува дека е дискриминиран и ставен во понеповолна положба во однос на останатите граѓани, политички партии и пратеници поради неговата политичка припадност на политичката партија [redacted], а особено што подносителот е лидер на една од опозициските партии. Подносителот во претставката наведува дека ако се земат во предвид хронолошки иницијативите за референдуми поднесени до Собранието во периодот од 1991 година до денес, по таквите иницијативи Собранието постапувало согласно одредбите од членовите 191 и 192 од Деловникот за работа на Собранието, во кои се уредува постапката по граѓанска иницијатива за


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

распишување на референдум на државно ниво и истите ги препраќало до матичните работни тела, комисии и пленумот. Оттука, подносителот наведува дека тоа јасно и недвосмислено укажува дека во сите случаи на иницијативи за распишување на референдум, истите се доставувале до Законодавно-правната комисија и матичните тела кои потоа одлучувале по нив. Според подносителот, претседателот на Собранието на РСМ треба по добивањето на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива за распишување на референдум на државно ниво, истиот да го достави до Законодавно-правната комисија и матичното работно тело, кои пак во рок од два работни дена до претседателот на Собранието доставуваат мислење за уредноста на иницијативата, што не било случај со граѓанската иницијатива на подносителот. Претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери граѓанската иницијатива на подносителот не ја проследил до Законодавно-правната комисија и до матичното тело, туку истиот постапувал надвор од своите ингеренции при испитување на иницијативата. Подносителот во претставката на крај наведува дека врз него е сторена директна дискриминација врз основа на политичка припадност, со што ја повикува Комисијата да постапи по претставката и да утврди дали е вршена директна дискриминација поради политичка припадност или други околности.

Кон претставката во прилог подносителот достави: Полномошно во оригинал, со кое ја овластил [redacted] адвокат од Скопје за покренување на постапка пред Комисијата, копија од лична карта, Тековна состојба бр. 0805-50/155020220117559 од 23.11.2022 година на Собранието на РСМ, копија од Предлог барање за покренување на граѓанска иницијатива на државно ниво до Државна изборна комисија заведена под број 12-2204/1 од 28.09.2022 година, копија од Предлог барање за покренување граѓанска иницијатива на државно ниво за распишување задолжителен дополнителен референдум доставена до Собрание на РСМ на 07.10.2022 година, копија од Известување бр. 08-4147/2 од 12.10.2022 година од Собрание на РСМ, копија од Поднесок за деловничко усогласување на барањето/прецизирање на првично поднесениот предлог доставен до Собрание на РСМ на 11.11.2022 година, копија од Известување бр. 08-4147/4 од 15.11.2022 година од Собрание на РСМ и Иницијативи за референдум поднесени до Собрание – хронолошки преглед.

По добивањето и разгледувањето на претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Барање бр. 08-666/2 доставено и примено на 26.12.2022 година се обрати до Собранието на РСМ и до г-дин Талат Џафери да се изјаснат за наводите во претставката во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Собранието на РСМ и г-дин Талат Џафери не се изјаснија по наводите во претставката во предвидениот рок.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На 04.01.2023 година и на 28.02.2023 година, подносителот на претставката во два наврати достави до Комисијата поднесоци за дополнување на претставката, заведени под бр. 08-21/1 и 08-21/2, со кои дополнително достави докази за претходни граѓански иницијативи поднесувани до Собранието на РСМ.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Понатаму, согласно член 8 став 1 од Законот е директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 26 од Законот, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Комисијата ценејќи ги фактите и околностите изнесени во претставката, утврди постоење на дискриминација сторена врз подносителот од страна на Собранието на РСМ, односно Претседателот на Собранието на РСМ, г-дин Талат Џафери.

Имено, Комисијата утврди дека подносителот на претставката [redacted] како подносител на предлог барање за поведување на граѓанска иницијатива за распишување на задолжителен дополнителен референдум на државно ниво, бил ставен во понеповолна положба споредбено со останати лица кои биле подносители на ваква граѓанска иницијатива, со тоа што со другите поднесувани граѓански иницијативи се постапувало, односно се водела постапка во согласност со членовите


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368; +389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Членовите 191 и 192 од Деловникот на Собранието на РМ, комплементарно на членовите 66 и 67 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните ја доуредуваат постапката по граѓанска иницијатива на државно ниво, на начин што утврдуваат дека:

„Претседателот на Собранието, по добивањето на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива за донесување закон, за распишување референдум на државно ниво и за поднесување
предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, веднаш ја доставува до претседателот на Законодавно-правната комисија и до претседателот на матичното работно тело, додека Законодавно-правната комисија и матичното работно тело во рок од два работни дена до претседателот на Собранието доставуваат мислење за уредноста на иницијативата. Ако претседателот на Собранието утврди дека иницијативата е уредна, за тоа го известува овластениот предлагач, во рок од три дена од добивањето на мислењето од работните тела.

Ако претседателот на Собранието утврди дека иницијативата е неуредна, прашањето во врска со иницијативата го става на дневен ред на првата наредна седница на Собранието. Собранието со заклучок утврдува дали иницијативата е уредна. Претседателот на Собранието го известува овластениот предлагач за заклучокот на Собранието во рок од три дена.“.

Комисијата смета дека доуредувањето на законски општо уредената постапка по граѓанската иницијатива на државно ниво и стеснувањето на маргините на диспозицијата на претседателот на Собранието со членовите 191 и 192 од Деловникот на Собранието произлегува од смислата на самите одредби од ставовите 5 и 6 на членот 67 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, според кои прашањето на уредноста, односно неуредноста на таквата иницијатива е прашање за кое одлучува Собранието. Па оттука, во таа смисла со одредбите од Деловникот соодветно е предвидена и постапката пред пленарните тела на Собранието, односно Законодавно-правната комисија и соодветното матично тело.

Следствено на тоа, Комисијата утврди дека со граѓанската иницијатива на државно ниво на подносителот на претставката не се постапувало согласно утврдената постапка за граѓански иницијативи на државно ниво во Деловникот на Собранието.

Споредбено, со останати граѓански иницијативи на државно ниво Собранието и Претседателот на истото соодветно постапувале согласно членовите 191 и 192 од Деловникот на Собранието. Видно од податоците, за поднесени граѓански иницијативи на државно ниво до Собранието на РСМ, меѓу кои, на пр. граѓанска иницијатива за распишување на референдум за одлучување на државно ниво доставена преку Граѓанската иницијатива „Учебници и настава мора да има, преку


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

191 и 192 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 101/2008; 14/2010; 119/2010; 130/2010; 23/2013; 54/2013 и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/2019).

Согласно член 3 став 2 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на РМ“ бр. 81/2005, 3/2006 и 50/2006), „граѓанска иницијатива може да се покрене за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија (во натамошниот текст: Уставот), предлагање за донесување на закон и за распишување на референдум на државно ниво (во натамошниот текст: граѓанска иницијатива на државно ниво).“.

Со член 20 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на РМ“ бр. 81/2005, 3/2006 и 50/2006), се утврдува дека референдум на државно ниво распишува Собранието на Република Македонија, а истото распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива и по предлог на најмалку 150.000 граѓани.

Понатаму, согласно членот 66 од истиот Закон утврдува:

„(1) Граѓанска иницијатива на државно ниво се покренува на предлог на 100 граѓани.

(2) Граѓанската иницијатива на државно ниво се спроведува за прашања од членот 3 став (2) на овој закон.

(3) Предлогот за покренување граѓанска иницијатива на државно ниво треба да биде поднесен од овластен предлагач и да се однесува на прашање за кое е надлежно да одлучува Собранието.

(4) Овластен предлагач, во смисла на ставот (3) од овој член, е првиот потписник на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива.“

Членот 67, пак, од Законот уредува:

„(1) Предлогот за покренување на граѓанска иницијатива на државно ниво се доставува до претседателот на Собранието.

(2) Кога претседателот на Собранието ќе утврди дека иницијативата е во согласност со членот 66 од овој закон, во рок од три дена за тоа ќе го извести овластениот предлагач.

(5) Кога претседателот на Собранието ќе утврди дека иницијативата е неуредна, прашањето во врска со иницијативата ќе го стави на дневен ред на првата наредна седница на Собранието, но не подоцна од 15 дена од денот на утврдувањето на неуредноста на иницијативата.

(6) Собранието со заклучок утврдува дали иницијативата е уредна.

(7) Претседателот на Собранието го известува овластениот предлагач за заклучокот на Собранието во рок од три дена од денот на неговото донесување.“.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

овластениот предлагач [redacted] бр. 08-2383/1 од 12.05.2021 година, граѓанска иницијатива за рапишување на референдум за донесување на закон за поништување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 19/2004), преку овластениот предлагач [redacted] бр. 08-5367/1 од 21.12.2022 година, како и граѓанска иницијатива на државно ниво по Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните бр. 08-559/1 од овластен предлагач [redacted], граѓанска иницијатива на државно ниво бр. 08-560/1 од овластен предлагач [redacted] и граѓанска иницијатива на државно ниво бр. 08-562/1 од овластен предлагач [redacted], Претседателот на Собранието на РСМ истите ги доставувал до Законодавно-правната комисија и матичното тело (во конкретните случаи Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците), за што истите тела имаат донесено соодветни мислења во врска со поднесените иницијативи, односно било предвидено нивно разгледување со ставање на дневен ред.

Оттука, Комисијата смета дека подносителот на претставката како подносител на граѓанска иницијатива на државно ниво со постапките на Претседателот на Собранието на РСМ, бил ограничен во остварување на своето право на еднаква основа со другите подносители на такви иницијативи во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Односно со подносителот на претставката [redacted] се постапувало понеповолно во однос на други лица како подносители на граѓанска иницијатива на државно ниво врз основа на политичко уверување во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Горенаведеното е утврдено земајќи ја во предвид одредбата од членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно Комисијата ги сметаше за веројатни тврдењата на подносителот на претставката [redacted] за сторена директна дискриминација, па оттука товарот на докажување во конкретниот случај преминува на Собранието на РСМ, односно Претседателот на Собранието на РСМ, г-дин Талат Џафери, против кого е поднесена претставката. Комисијата, го ценеше фактот што подносителот на претставката со делегиран мандат е пратеник во Собранието на РСМ и воедно припадник на политичката партија [redacted], при утврдување на каузалната врска помеѓу дејствието, односно сторувањето и поврзаноста на истото со дискриминаторскиот основ, а факт кој несомнено бил познат за лицето против кое е поднесена претставката. Во таа смисла, лицето против кое е поднесена претставката не го докажа спротивното, односно постапување кое не би се сметало за дискриминација, во смисла на легитимна цел, односно дека со подносителот како физичко лице се постапувало на еднаква основа со другите физички лица подносители на граѓански иницијативи на државно ниво. Или пак дека со други физички лица со познат факт за нивна политичка припадност, се постапило


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

на ист или сличен начин како и со подносителот на претставката, притоа засноваjќи го истото на постоење оправдана причина, односно легитимна цел.

Оттука, согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење. Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Собранието на Република Северна Македонија, односно Претседателот на Собранието, г-дин Талат Џафери во иднина да ги почитуваат правата и обврските што произлегуваат од Уставот, Деловникот за работа на Собранието и Законот за собрание на РС Македонија и во иднина да се воздржуваат од дејствија во постапки по граѓански иницијативи на државно ниво пред Собранието, кои во смисла на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставуваат дискриминација по било која основа.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:
1. [redacted]
2. Собрание на РСМ, бул. 11 Октомври бр. 10, Скопје
3. Талат Џафери, [redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk